Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор
**ИП 1 бр. 57-44**
**Датум: 20.06.2023година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | | |
| Седиште/адреса на субјектот | | |
| Адреса за е-пошта | | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | | |
| Даночен број на субјектот | | |
| Број на жиро-сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | | |
| Одговорно лице на субјектот/ | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 14.06.2023 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11:00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 20.06.2023г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15:00ч. |
| Назив на објектоткаде што се врши надзорот | Друштво за трговија, производство, услуги, издаваштво и филмска продукција ВАЛИЈАНТ ДООЕЛ-Скопје | | |
| Главна дејност на | Друга трговија на мало со нови производи во | | |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| објектоткаде што се врши надзорот | специјализирани продавници (шифра: 47.78) |
| Адреса на објектоткаде што се врши надзорот | Бул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр. 28А/локал 15-Скопје и во Подружницата Валијант 3 на бул. „Партизански одреди“ бр. 3-Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

-Налогот од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура(**во натамошниот текст: СУИН на МК**), ИП1 бр. 57-44 од 06.06.2023 г., во однос на наводите од Иницијативатабр. 57-5639/1 од 18.05.2023 г.,поднесена од „Холивуд 2002“ ДОО-Скопје,во којашто се укажува дека Друштвото за трговија, производство, услуги, издаваштво и филмска продукција ВАЛИЈАНТ ДООЕЛ-Скопје(**во натамошниот текст: Валијант ДООЕЛ, Скопје**), „во својот објект на „Партизански одреди“ бр. 3 има еротско кино за кое не е познато дали е регистрирано како ентитет за кинoприкажувачка дејност и не е познато дали правното лице има договори за прикажување на филмовите, што ги прикажува во неговото кино склучени со производителите или дистрибутерите на истите“.Во иницијативата е наведено и дека во истиот објект Валијант „има и стриптиз шоу и вибратор шоу и не е познато дали има одобрение за извршување на кабаретски и театарски дејности“.

Надзорот е предвиден и со Месечниот план за работа на СУИН на МК, за м. јуни 2023 годинабр. 57-188/6 од 01.06.2023 година.

**4) Инспекцискиот надзор е извршен од:**

виш инспектор во СУИН на МК,со учество на помошник инспекторво СУИН на МК.

**5) Предмет на вонредниотинспекциски надзор**:

Предмет на надзорот е работењето на ВалијантДООЕЛ, Скопје, од аспект на примена на **членовите 40, 41 и 42 од Законот за филмската дејност** („Сл. весник на РМ“ бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16, 11/18и „Сл. весник на РСМ“ бр. 275/19). Согласно со член 47 од Законот за културата („Сл. весник на РМ” бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19) е утврдено дека прикажувањето на филмови не е дејност од областа на културата, додека согласно со Законот за филмска дејност е утврдено


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

дека, меѓудругото, Агенцијата за филм, води евиденција и за киноприкажувачите, како и евиденција за филмови што се прикажани во киналта во Републиката при што правните лица кои вршат филмска дејност се должни до Агенцијата за филм да доставуваат соодветни податоци од Законот како назив на филм, временски период на прикажување на филмот, број на проекции и др. (член 40), киноприкажувачот на филмот е должен филмовите што се дистрибуираат за киноприкажување задолжително да ги категоризира соодветно на содржината на филмот, пред започнувањето на киноприкажувањето на филмот да изврши категоризација на филмот и на промотивните материјали и на друг јасен и видлив начин да ја истакне категоријата на филмот, а најмалку седум дена пред првото јавно киноприкажување на филмот да ја извести Агенцијата за доделената категоризација (член 41), како и обврската дека странски филм може да се киноприкажува во Републиката, ако е преведен на македонски литературен јазик во согласност со закон (член 42).

**Основ:** член 82 став (1) од Законот за културата и член 60 од Законот за филмската дејност **(во натамошниот текст: ЗФД)**, а во врска со членовите 40, 41 и 42 од ЗФД, како и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6)** Во извршувањето на овој инспекциски надзор не е употребена листа за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор, а листите за проверка се задолжителни при редовен инспекциски надзор, согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

**7)**За време на извршувањето на инспекцискиот надзор,субјектот на надзорот беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беа присутни и лицата:

| **Име и презиме** | **Телефон** | **Својство** |
|---|---|---|
| | | менаџер за продажба и маркетинг |
| | | масер во Подружницата Валијант 3 |

**9)** Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор му ги презентираше целите и предметот/опфатот на

вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

**10)** Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1. На 14.06.2023 г., од страна на инспекторите за култура, извршен е увид во Подружницата Валијант 3, лоцирана на бул. „Партизански одреди" бр. 3 - Скопје (регистрирана за вршење на приоритетна дејност - **Друга трговија на мало со нови производи во специјализирани продавници**), при што беше утврдено дека во Подружницата, меѓудругото, има и **видео - соба** во којашто има телевизор и шест двојни седишта, но во текот на надзорот во просторијата немаше ниту еден посетител. На влезот на Подружницата е наведено дека е за лица постари од 18 години.

Според изјавите на присутните лица, во видео - собата, на телевизор може да се гледааат филмови за возрасни (или, најчесто, секвенци од различни филмови), коишто се дел од колекцијата на филмови за изнајмување со коишто располага Валијант ДООЕЛ, Скопје, како една од најстарите видеотеки за филмови за возрасни во Р.С. Македонија. Исто така, според изјавите на присутните лица, дел од посетителите не изнајмуваат филмови за дома, туку, поради различни причини (семејни причини, желба за интимност, присуство на деца, хомосексуална ориентација и сл.), сакаат филмови за возрасни да гледаат во видео - собата на ВалијантДООЕЛ, Скопје. Најчесто, посетители се поединци, а некогаш доаѓаат и парови. Влезницата за едно лице чини 400 денари (нема билет, туку се издава фискална сметка) и се однесува за целодневна услуга во текот на работното време на Подружницата (од 11 до 22 часот) при што посетителот може да ја напушта собата и да се враќа повторно да гледа во текот на денот. Значи, за субјектот на надзороте утврдено е дека нема утврден репертоар со назив на филмови коишто ќе се прикажуваат, нема време на проекција, нема почеток и крај на проекцијата, тука само филмови (или секвенци) од колекцијата на филмови за возрасни на ВалијантДООЕЛ, Скопје, коишто се гледаат на телевизор во видео-собата.

Оттука, во смисол на Законот за филмска дејност, предметната видео - соба на Валијант ДООЕЛ, Скопје, не може да се третира како вршење на киноприкажувачка дејност (ниту пак Валијант ДООЕЛ, Скопје, како киноприкажувач), туку како услуга, при којашто филмови или делови од филмови


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

од колекцијата на ДВД за изнајмување на Валијант ДООЕЛ, Скопје, се гледаат на телевизор во видео - соба, наместо во домашни услови.

10.2. При надзорот, од страна на управителот [redacted] се презентирани повеќе договори за дистрибуција на ДВД со претежно странски дистрибутери, со право за продажба, изнајмување и прикажување во видео кабини (забелешка: во некои договори наведено е и кинoприкажување). Меѓутоа, Министерството за култура имајќи ги предвид постојните прописи од областа на културата (Закон за авторското право и сродните права и Закон за филмската дејност), не е надлежно за вршење на инспекциски надзор во однос на производството, дистрибуцијата, објавувањето и снимањето на компјутерски програми, музички и аудиовизуелни дела на носачи на тон и слика, туку согласно со член 157 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11,135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18), неовластеното „објавување, прикажување, репродукција, дистрибуција, изведба, емитување на туѓо авторско право или сродно право“, е предвидено како кривично дело, во надлежност на Министерството за внатрешни работи.

10.3. Во однос на наводите во Иницијативата дека во истиот објект Валијант ДООЕЛ, Скопје „има и стриптиз шоу и вибратор шоу и не е познато дали има одобрение за извршување на кабаретски и театарски дејности“, согласно со одредбите од Законот за културата, не е потребно исполнување на посебни услови за вршење на театарска или сценско-уметничка дејност. Меѓутоа, согласно со член 51-а од Законот за културата „Сценско-уметничка дејност, во смисла на законот, е подготвување и јавно изведување на драмски, оперски, оперетски, балетски, танцови, куклени и други уметнички дела, народни песни и игри, како и дела од фолклорот“, поради што се констатира дека наведените „стриптиз шоу и вибратор шоу“ не ни може да се класифицираат како сценско-уметничка дејност или воопшто како дејност од областа на културата.

**Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор во Валијант ДООЕЛ, Скопје, констатирано е дека:**

1. **Во Подружницата Валијант 3 на бул. „Партизански одреди“ бр. 3 - Скопје (на влезот на Подружницата е наведено дека е за лица постари од 18 години.), меѓудругото, има и видео – соба, во којашто на телевизор може да се гледаат филмови за возрасни (или, најчесто, секвенци од**

различни филмови), коишто се дел од колекцијата на филмови за изнајмување со коишто располага Валијант ДООЕЛ, Скопје, односно нема утврден репертоар со назив на филмови коишто ќе се прикажуваат, нема време на проекција, нема почеток и крај на проекцијата и слично, поради што видео - собата на ВалијантДООЕЛ, Скопје, не може да се третира како вршење на кинoприкажувачка дејност (ниту пак ВалијантДООЕЛ, Скопје, како кинoприкажувач), во смисол на член 40, 41 и 42 од Законот за филмска дејност, туку како услуга при којашто филмови (или, најчесто делови од филмови) од колекцијата на ДВД за изнајмување на Валијант ДООЕЛ, Скопје, се гледаат на телевизор во видео – соба, поради различни причини (семејни причини, желба за интимност, присуство на деца, хомосексуална ориентација и сл.).

2. Во однос на наводите во Иницијативата дали има договори за филмовите склучени со производителите или дистрибутерите, при надзорот од страна на управителот се презентирани повеќе договори за дистрибуција на ДВД со претежно странски дистрибутери, со право за продажба, изнајмување и прикажување во видео кабини (во некои договори наведено е и кинoприкажување), меѓутоа Министерството за култура, имајќи ги предвид постојните прописи од областа на културата (Закон за авторското право и сродните права и Закон за филмската дејност), не е надлежно за вршење на инспекциски надзор во однос на производството, дистрибуцијата, објавувањето и снимањето на компјутерски програми, музички и аудиовизуелни дела на носачи на тон и слика, туку согласно со член 157 од Кривичниот законик, неовластеното „објавување, прикажување, репродукција, дистрибуција, изведба, емитување на туѓо авторско право или сродно право“, е предвидено како кривично дело, во надлежност на Министерството за внатрешни работи.

3. Во однос на наводите во Иницијативата дека во истиот објект Валијант ДООЕЛ, Скопје „има и стриптиз шоу и вибратор шоу и не е познато дали има одобрение за извршување на кабаретски и театарски дејности“, согласно со одредбите од Законот за културата, не е потребно исполнување на посебни услови за вршење на театарска или сценско-уметничка дејност. Меѓутоа, согласно со член 51-а од Законот за културата „Сценско-уметничка дејност, во смисла на законот, е подготвување и јавно изведување на драмски, оперски, оперетски,

**балетски, танцови, куклени и други уметнички дела, народни песни и игри, како и дела од фолклорот", поради што се констатира дека наведените „стриптиз шоу и вибратор шоу" не ни може да се класифицираат како сценско-уметничка дејност или воопшто како дејност од областа на културата.**

**Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор во Валијант ДООЕЛ, Скопје, не е утврдена неправилност во работењето на субјектот на надзорот од аспект на примена на одредбите од Законот за филмската дејност, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

**11)** Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

**12)** Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: Нема.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: управите | | Печат и потпис на инспекторот за култура: виш инспектор | |
| Датум: | 20.06.2023 г. | помошник-инспектор | |
| | | Датум: | 20.06.2023 г. |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk